
ОПШТИНА ДОЈРАН



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ДОЈРАН

03.11.2026 година, Стар Дојран, Број 12

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Заклучокот по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Дојран за 2026 година за период од 01.01.- 30.09.2026 година-трет квартал

1.Заклучоккот по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Дојран за 2026 година за период од 01.01.- 30.09.2026 година-трет квартал, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/1
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, по заклучување на расправата по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Дојран за 2026 година за период од 01.01.-30.09.2026 година-трет квартал, го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К

По Кварталниот за извршување на Буџетот на општина Дојран за 2026 година за период од 01.01.- 30.09.2026 година-трет квартал

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Дојран за 2026 година за период од 01.01.- 30.09.2026 година-трет квартал.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр. 08-1795/3
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Буџетскиот календар за 2027 година

1. Буџетскиот календар за 2027 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/2
03.11.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“, бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и (“Службен весник на Р.С.М.“, бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 16 став 1 точка 45, од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на општина Дојран на 17-тата седницата одржана на ден 28.10.2026 година, донесе,

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
За 2027 година

Со буџетскиот календар за 2027 година се определуваат роковите, активностите и одговорноста во донесувањето на Буџетот на Општина Дојран , како што следува:

Датум	Буџетски активности	Одговорност
до 30.09	Се доставуваат насоки од општествените буџетски корисници за изготвување на финансиски планови	Градоначалник Одделение за финансии
до 15.10	Општинските буџетски корисници доставуваат предлог на финансиски планови	Општински буџетски корисник
до 31.10	Подготовка на предлог Буџет: - се собират финансиски планови - плановите се реализираат - се подготвува билансот на приходи - се подготвува биланс на расходи	Одделение за финансии
до 10.11.	Нацрт-буџет за наредна година -Развојни програми	Градоначалник Одделение за финансии
до 15.11.	Доставување на предлог буџет: - се одјавува содржина на предлог буџет - се одржуваат јавни расправи - се доставува конечен предлог буџет	Градоначалник
до 05.12.	Предлогот на буџет се разгледува во советот: Комисија за финансирање на буџет	Совет на општина
до 31.12.	Седница на Советот на општината за донесување буџет за наредната буџетска година	Совет на општина

Буџетскиот календар влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр. 08-1795/4
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Дојран во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)

1. Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Дојран во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/3
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р. М. “ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и („Службен весник на Р. С.М бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 4 од Законот за јавен долг (“Службен весник на Р. М. “ БР.62/05, 88/08, 35/11 И 139/14 и “Службен весник на Р. С. М.” Бр 98/19 и 151/21) и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р. М.”),бр.5/02 и („Службен весник на Р. С. М.”),бр.202/24, Советот на Општина Дојран на седница одржана на 28.10.2026 година, донесе,

О Д Л У К А

За долгорочно домашно задолжување на Општина Дојран во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)

Член 1

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Дојран, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем и грант со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во вкупна висина до 3.207.917,00 денари, при што 2.566.334,00 денари се средства од под-заем (*80% од вкупната инвестиција),додека* 641.583,00 денари се грант средства *(во висина од 20% од вкупната инвестиција*). Овие средства ќе се искористат за финансирање на капиталниот инвестиционен проект-Реконструкција на ЈОУГД “Кокиче”- Нов Дојран.

Член 2

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор,финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следните услови:

- Каматна стапка: шест месечен EURIBOR со фиксен распон
- Грејс период: максимум до 3 години
- Рок на отплата: максимум до 5 години
- Последен датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.09.2031 година

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Дојран”.

Со влегување во сила на оваа одлука престанува со важност Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Дојран во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП), Бр. 08 – 1405/11 од 09.09.2026 година ("Службен гласник на општина Дојран " бр.11/26).

Бр. 08-1795/5
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за прифакање на донација за изработка на Основен проект за реконструкција на шеталиште-кеј покрај Дојранското езеро во населба Стар Дојран и Сретеново

1.Одлуката за за прифакање на донација за изработка на Основен проект за реконструкција на шеталиште-кеј покрај Дојранското езеро во населба Стар Дојран и Сретеново, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/4
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р. М.’’), бр.5/02 и („Службен весник на Р.С. М.“), бр.202/24) и член 16 став 1 точка 45 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р. М.“), бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и („Службен весник на Р.С.М.“), бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 28.10.2026 година донесе:

О Д Л У К А

за прифаќање на донација изработка на Основен проект за реконструкција на шеталиште- кеј покрај Дојранското езеро во населба Стар Дојран и Сретеново

Член 1

Со оваа одлука, Општина Дојран ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги, изработка на ,,Основен проект за реконструкција на шеталиште- кеј покрај Дојранското езеро во населба Стар Дојран и Сретеново”, од ИН-ПУМА, Институт за урбанизам,сообраќај и екологија ДОО Скопје.

Член 2

Донацијата која се дава на Општина Дојран се состои во: изработка на ,,Основен проект за реконструкција на шеталиште- кеј покрај Дојранското езеро во населба Стар Дојран и Сретеново”.

Член 3

Донацијата на урбанистичката документација за проектот наведен во членот 2 на оваа одлука е со намена, Проектна документатација за реконструкција на шеталиште- кеј покрај Дојранското езеро во населба Стар Дојран и Сретеново.

Член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Дојран, како примател на донацијата и давателот “ИУСЕ ИН-ПУМА” ДОО Скопје.

Член 5

За реализацијата на оваа донација во Буџетот на Општина Дојран нема да има никакви финансиски импликации, донаторот во целост ќе ја финансира изработката на проектната документација.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Дојран“.

Бр. 08-1795/6
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за отстапување на работните машини во сопственост на Општина Дојран на ЈПКД ,,Комуналец-Полин” Стар Дојран

1.Одлуката за отстапување на работните машини во сопственост на Општина Дојран на ЈПКД ,,Комуналец-Полин” Стар Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/5
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 66 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и („Службен весник на Р.С.М.”, бр.202/24”) и член 16 став 1 точка 34 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седницата одржана 28.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за отстапување на работни машини,трактор, мини багер и придружни елементи” на Ј.П.К.Д. ,,Комуналец-Полин,, Стар Дојран

Член 1

Со оваа Одлука се отстапуваат на ЈПКД ,,Комуналец-Полин” Стар Дојран следните работните машинии:

1. Трактор Деутз-Фахр 4090W 4WD со кабина | Количина: 1
2. Телескопски хидрауличен мулчер | Количина: 1
3. Мулчер со кардан Пантер ЕФГЦ 165 | Количина: 1
4. Тракторска косилка со кардан | Количина: 1
5. Мини багер – Агримак СА ЕБ-12 | Количина: 1
6. Приколка за пренос на мини багер | Количина: 1
7. Хидраулична корпа | Количина: 1
8. Хидрауличен собирач/продолжена рака | Количина: 1

Член 2

Подвижниот предмет опишан во членот 1 на оваа Одлука се отстапува во сопственост и трајно користење на ЈПКД ,,Комуналец-Полин” Стар Дојран без надомест.

Член 3

Градоначалникот на Општина Дојран и Директорот на ЈПКД ,,Комуналец-Полин” Стар Дојран, во рок од 30 дена по правосилноста на оваа одлука се должни да склучат договор за регулирање на посебните права и обврски за отстапување на патничкото моторно возило.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Дојран“.

Бр. 08-1795/7
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Дојран во областа на спорт и млади во 2026 година

1.Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Дојран во областа на спорт и млади во 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/6
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) и член 22 - а став 3 и 4 од Законот за спортот ("Службен весник на Р.М.") бр.29/02; 66/04; 81/08; 18/11, 51/11; 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и („Службен весник на Р. С. М.“ бр. 98/19 и 244/19), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, донесе,

П Р О Г Р А М А

За измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Дојран во областа на спорт и млади во 2026 година

1.Со оваа Програма се врши измена и дополнување на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во 2026 година, („Службен гласник на општина Дојран”), бр.2/26, измена и дополнување („Службен гласник на општина Дојран”), бр.6/26.

2.Се вршат измени во точка 4 од програмата на начин што за финансирање за спортски активности се дообезбедени уште 100.000 денари.

Точка 4 финансирање се менува и гласи:

„Активностите на општина Дојран од областа на спортот, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат со средства од Буџетот на општина Дојран за 2026 година, планирани во износ од 2.250.000 денари, како и со средства добиени од спонзорства и донации.

3.Оваа Програма влегува во сила со наредниот ден од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр. 08-1795/10
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за поставување на Урбана опрема во општина Дојран за 2026 година

1.Програмата за измена и дополнување на Програмата за поставување на Урбана опрема во општина Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/7
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа, ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) а во врска со член 80 од Законот за градење („Службен весник на Р.М.” бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79.13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15,129/15, 218/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18,168/18, и („Службен весник на Р.С.М.” 244/19, 18/20, 89/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23 и 151/23) и член 3 од Одлуката за утврдување на потребата за поставување урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема („Службен гласник на Општина Дојран”), број 7/13, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, донесе,

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДОЈРАН ЗА 2026 ГОДИНА

I.Со оваа Програма се врши измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Дојран за 2026 година, бр. 08-329/9 од 02.03.2026 година(“Службен гласник на Општина Дојран Бр.3/26).

II.Промената се врши со додавање на две нови локации со нумерација бр.1.1 во населено место, Куртамзали,Општина Дојран, на дел од К.П..бр.310 К.О. Куртамзали,Општина Дојран, со намена за поставување на автобуска постројка.

III.Останатиот дел од програмата останува непроменет како и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема.

IV.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Дојран“.

Бр. 08-1795/11
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за доделување парични средства на Македонска православна црква -Орхидска архиепископија Јустинијана Прима-Струмичка православна епархија

1.Одлуката за доделување парични средства на Македонска православна црква - Орхидска архиепископија Јустинијана Прима-Струмичка православна епархија, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/8
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран„), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на општина Дојран на седницата, одржана на ден 28.10.2026 година, по заклучување на расправата за доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран, на Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија, Јустинијана Прима, Струмичка епархија, ја донесе следната,

О Д Л У К А
за доделување средства на Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија, Јустинијана Прима, Струмичка епархија

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува доделување на парични средства од Буџетот на општина Дојран за 2026 година во износ од 100.000,00 денари на Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија, Јустинијана Прима, Струмичка епархија.

Член 2

Намената на средствата наведени од членот 1 на оваа одлука се еднократна парична помош и донација на Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија, Јустинијана Прима, Струмичка епархија за организирање на Фестивал за источно црковно пеење„Андон Шахпански” 2026 година.

Член 3

Средствата да бидат исплатени на следната жиросметка 300030000110760 омерцијална банка АД Скопје.

Член 4

Оваа одлука ке ја изврши Градоначалникот на општина Дојран.

Член 5

Оваа Одлукавлегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран„.

Бр. 08-1795/12
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за давање согласност на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Г5-земјоделско и сточарско производство на дел од К.П.бр. 209, К.П.бр 210, К.П.бр 211, К.П.бр. 212, К.П.бр. 215/1 и дел од К.П. бр.909/2 К.О Нов Дојран, Општина Дојран, поднесено од ДТПУ ,,РИДИ,, дооел Самандов

1.Одлуката за давање согласност на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Г5-земјоделско и сточарско производство на дел од К.П.бр. 209, К.П.бр 210, К.П.бр 211, К.П.бр. 212, К.П.бр. 215/1 и дел од К.П. бр.909/2 К.О Нов Дојран, Општина Дојран, поднесено од ДТПУ ,,РИДИ,, дооел Самандов, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/9
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) а во врска со член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (”Службен весник на Р.С.М.”, бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 16 став 1 точка 45 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 14/12,14/19 и 1/20, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, донесе,

О Д Л У К А

за давање согласност на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Г5-земјоделско и сточарско производство на дел од К.П.бр. 209, К.П.бр 210, К.П.бр 211, К.П.бр. 212, К.П.бр. 215/1 и дел од К.П. бр.909/2 К.О Нов Дојран, Општина Дојран, поднесено од ДТПУ ,,РИДИ,, дооел Самандов

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на изработка на Упрбанистички проект вон опфат на Урбанистички план со намена Г5-земјоделско и сточарско производство на дел од К.П.бр 209, 210, 211,212,215/1и дел од КП бр.909/2 К.О Нов Дојран, Општина Дојран, поднесено од ДТПУ ,,РИДИ,, дооел Самандов.

Член 2

Урбанистичкиот проект го потврдува градноначалникот, по донесувањето на одлуката и може да се применува, согласно одредбите од членовите 52 и 53 од Законот за урбанистичко планирање (”Службен весник на Р.С.М.”, бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила 8(осум) дена од денот на објавување во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр. 08-1795/13
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Дојран за 2026 година

1.Програмата за измена и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/10
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 99 став 1 точка 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и Службен весник на РСМ" бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и („Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 16 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран" бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, донесе,

П Р О Г Р А М А

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО

НА ОПШТИНА ДОЈРАН ЗА 2026 ГОДИНА

1.Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Дојран за 2026 година,("Службен гласник на општина Дојран", бр.2/26).

2. СЕ врши дополнување на 4 градежни парцели во во точка 2.2. од програмата, "Урбанистички план за село Нов Дојран, Општина Дојран, донесен со Одлука на Совет на општина Дојран Бр.08-1152/3 од 24.11.2023година. Во графата после точка16, се додаваат нови точки со реден број,16,17,18 и 19.

Реден број	Вкупна површина на дел од катастарската парцела м2	Намена на земјиште	Број на катастарска парцела	Површина за градба во м2	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност	Катност	Висина до венец
17.	577	А4.3 - викенд куќи	дел од К.П. 1973/1 КО. Нов Дојран	288	50%	0.1	П+1	8м
18.	443	А4.3 - викенд куќи	Дел од КП 831/7 КО. Нов Дојран вон град	221	50%	0.1	П+1	8м
19.	567	А1.1 - станбени куќи	КП 1958/10 КО. Нов Дојран и дел од КП1958/1 КО Нов Дојран	283	50%	0.1	П+1	8м

3.Оваа Програма влегува во сила и ќе се применува во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр. 08-1795/14
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Решението за разрешување на членови на Управниот одбор на ЈПКД “Комуналец-Полин” Стар Дојран

1. Решението за разрешување на членови на Управниот одбор на ЈПКД “Комуналец-Полин” Стар Дојран, донесено на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

09-1886/11
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член член 36 став 1 точка 5 Законот за локалната самоуправа, (“Службен весник на Р.М."), бр. 5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), а во врска со член 17-ѓ, од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.“ бр. 38/96, ..., 35/19 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 275/19, ..., 193/25 и 96/26), Советот на општина Дојран на ден 28.10.2026 година, донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За разрешување на членови на Управниот одбор на ЈПКД “Комуналец Полин ” Стар Дојран

1.Се разрешуваат членовите на Управниот одбор на ЈПКД “Комуналец Полин ” Стар Дојран, поради истек на мандатот за кои се именувани.

Од функијата членови на Управниот одбор на ЈПКД “Комуналец-Полин ” Стар Дојран, се разрешуваат следните лица:

1.Тена Танева – Петкова од Нов Дојран,

2.Ристо Гушев од Нов Дојран,

3.Анита Ајцева од Нов Дојран,

4.Николчо Митковски од Стар Дојран,

5.Илија ПопКостов од Нов Дојран

2.Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во „Службен гласник на општина Дојран„.

Бр. 08-1795/15
28.10.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Решението за разрешување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално–финансиското работење на ЈПКД “Комуналец-Полин” Стар Дојран

1. Решението за разрешување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално–финансиското работење на ЈПКД “Комуналец-Полин” Стар Дојран, донесено на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 28.10.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1886/12
03.11.2026 год.
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член член 36 став 1 точка 5 Законот за локалната самоуправа, (“Службен весник на Р.М."), бр. 5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), а во врска со член 17-ѓ, од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.“ бр. 38/96, ..., 35/19 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 275/19, ..., 193/25 и 96/26), Советот на општина Дојран на ден 28.10.2026 година, донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За разрешување на членови на Надзорниот одбор на ЈПКД “Комуналец Полин ” Стар Дојран

1.Се разрешуваат членовите на Надзорниот одбор на ЈПКД “Комуналец Полин” Стар Дојран, поради истек на мандатот за кои се именувани.

Од функцијата членови на Надзорниот одбор на ЈПКД “Комуналец-Полин ” Стар Дојран, се разрешуваат следните лица:

